Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 03-236/1
30.04. 2026 год.
ГРАДСКО

Врз основа на Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот 08-211/10 од 24.04.2026 година, (Службен гласник на општина Градско бр.4/26), и Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата и туризмот - манифестацијата „Откривање на тајните на традицијата и културата на општина Градско“ на здружение на граѓани (Службен гласник на општина Градско бр.5/23), Градоначалникот на општина Градско, распишува:

**Јавен повик за делегирање надлежност за организирање и реализирање на манифестацијата „Градско, храна, вино и традиција“ на здруженија на граѓани и други правни субјекти**

Се делегира надлежноста од областа на културата предвидена во Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации во 2026 година што се однесува на организирање, реализирање и менаџирање на манифестацијата „Градско, храна, вино и традиција“. Манифестацијата е дел од обележување на Патронот на општината Св. Апостол Павле, на 13.07.2026 година.

Финансиските средства во висина од 1.517.000,00 денари за делегираната надлежност се обезбедени од Буџетот на Општина Градско - Програмата за активностите на општина Градско во областа културата и културните манифестации во 2026 година.

Кон пријавата здружението е должно да приложи:

- Решение за упис во централен регистар;
- Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;
- Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираната надлежност - Програма на здружението за начинот и постапката за реализација на манифестацијата;
- Финансиска структура на активностите;
- Име, презиме на лицата ангажирани во реализирање на делегираната надлежност, нивна квалификациона структура и професионално искуство;

Заинтересираните здруженија, пријавите со горенаведените прилози може да ги достават до Општина Градско, во рок од седум (7) работни денови од денот на објавувањето на Повикот, во архивата на Општина Градско или по поштенски пат на улица „Александар Македонски“, бр. 70А, 1420 Градско, со назнака за „Комисија за делегирање надлежност за организирање и реализирање на културната манифестација „Градско, храна, вино и традиција“

Доставените пријави ќе ги разгледува трочлена комисија формирана од Градоначалникот на Општина Градско. Комисијата при разгледување на пријавите за исполнување на условите ќе пристапи кон бодирање согласно утврдените критериуми кои се однесуваат на следното:

-соодветност на предлогот со условите од јавниот конкурс до 20 бода;

-капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство, поставеност на систем на контрола на квалитетот и работењето до 40 бода; и

-план и програма за организирање и реализирање на манифестациите до 40 бода.

Пријавите со непотполна документација и доставени по предвидениот рок, нема да бидат разгледувани.

За делегираната надлежност помеѓу Општина Градско и здружението, ќе биде склучен Договор во кој ќе се уредат меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на културната манифестација.

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков

Конкурсот е објавен:
-Веб страната на општина Градско
-Огласна табла на општината